Врз основа на член 77 став 1 точка а) в.в. со член 34 и 35 од Законот за извршување ( „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 72/16,142/16,233/18,14/20 и 154/23) како и член 22 од Статутот на Комората на извршители на РСМ, на седница на 18-то Редовно Годишно Собрание на Комората на извршители на РСМ, одржана во х.Рамада Плаза, Гевгелија на ден 23.02.2024 година, го донесе следниот:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
DHOMA E PËRMBARUESVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-163/8
26.02. 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Правилник за спроведување на Конкурс за именување на извршители

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на спроведување на конкурсот за именување на извршители.

Член 2

Конкурсот за именување на извршители го распишува Министерството за правда, а го спроведува Комората на извршитли на РСМ ( во понатамошниот текст Комората).

За спроведување на конкурсот Управниот одбор при Комората избира Комисија за спроведување на конкурсот за именување на извршители ( во понатамошниот текст Комисија ) од пет члена од кои два члена од Комората, еден член од Судскиот совет на РСМ, еден член од Академијата за судии и јавни обвинители и еден Универзитетски професор од правните факултети акредитирани во РСМ.

Со Комисијата раководи Претседател кој се определува од редот на членовите на Комисијата кои се избрани од Комората.

Конкурсот го спроведува Комисијата со техничка подршка од страна на стручната служба при Комората. Пријавите со прилозите со кои се докажува дека се исполнети условите за именување на извршител согласно чл. 33 од ЗИ се поднесуваат писмено до Комората.

Член 3

Комората писмено се обраќа до Судскиот совет на РСМ и Академијата за судии и јавни обвинители со барање да номинираат предлог кандидати за членови на Комисијата.

Претседателот на Комората писмено ги предлага членовите на Комисијата од редот на извршителите и од редот на Универзитетски професор од правните факултети акредитирани во РСМ.

Членовите на Комисијата ги бира Управниот одбор на Комората во рок од 15 дена од приемот на предлозите од став 1 и 2 од овој член.

Мандатот на членовите на Комисијата е три години со право на еден повторен избор.

Член 4

Комисијата работи во службните простории на Комората и можат полноправно да одлучуваат доколку се присутни мнозинство од членовите на Комисијата. Претседателот на Комисијата ја закажува седницата на Комисијата и за истото ја известува Стручната служба која е должна да ги извести останатите членови на Комисијата по е – mail адреса која членовите на Комисијата задолжително ја доставуваат до Комората.

Записник за работата на Комисијата води претставник од Стручната служба на Комората.

Член 5

Кандидатот за извршител, во рок кој не смее да биде пократок од 15 дена од денот на објавувањето на Конкурс во Службен Весник на РСМ, доставува писмена Пријава до Комората со прилози со кои се докажува дека се исполнети условите за именување на извршител согласно чл. 33 од ЗИ.

Потребната документација се поднесува до Комората во оргинал или препис заверен од нотар.

Член 6

Стручната служба при Комората врши прием на пријавите со прилозите, нивно архивско заведување со отварање на досие за секој кандидат поединечно. Комората води писмена евиденција во скенирана форма за доставени пријави со прилози за секој кандидат поединечно.

По истекот на рокот од објавениот Конкурс, Комисијата се состанува и ги разгледува Пријавите на кандидатите кои пристигнале во Комората за што составува Записник. Во Записникот Комисијата констатира кои кандидати се пријавиле за кое подрачје, односно доколку конкурсот е за повеќе места, кој приоритет на места кандидатите го определиле согласно објавениот Конкурс и дава свое мислење дали пријавите се навремено поднесени до Комората и дали ги содржат сите прилози согласно член 33 став 1 од Законот за извршување.

Член 7

Овој Правилник влегува во сила и ќе се применува осмиот ден од денот на неговото објавување на веб страната на Комората.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Весна Деловска

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com